РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис

**За:** г. Марјан ЦВЕТКОВСКИ, директор
г-ѓа. Анета АНДОНОВА, одговорна уредничка

Бр. 03 - 1213/1

Скопје 04.03 2019г.

**Предмет: Укажување за непочитување на член 75-в од Изборниот законик**

Почитувани,

Преку снимки објавени на социјалните мрежи, утврдено е дека новинарката на МРТ1 Гордана Ѓорчева, беше водителка на 18та Конференција на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ која се одржа во неделата, на 3 март 2019 година.

Ви укажуваме дека, согласно член 75-в од Изборниот законик, кој се применува од денот на распишување на изборите:

*„(1) Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите, не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања.*

*(2) Доколку се определат да учествуваат во вакви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишување на изборите до нивното завршување.“*

Со мониторингот на известувањето во предизборниот период беше констатирано дека на програмите на радиодифузерите, кои во моментов се предмет на надзор, г-ѓа Ѓорчева не се појави во прилозите од овој настан.

Меѓутоа, Јавниот сервис нужно мора да води сметка, сите вработени кои се ангажирани во подготвување на програмите да ја почитуваат оваа одредба од Изборниот законик.

Оттаму, неопходно е **или ангажманот на г-ѓа Ѓорчева во подготовката на програмите на МРТ1 да мирува до завршување на изборите, или да престане нејзиното учество во предизборни активности.**

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED